РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-3120/6
02-11-2026

Врз основа на член 10 став 2 од Законот за лобирање („Службен Весник на Република Македонија" број 121/2021), Државната комисија за спречување на корупцијата (Државната комисија), постапувајќи по поднесена пријава за запишување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање (Регистарот) од физичкото лице Михаел Циглер бр. 09-3120/1 од 21.10.2026 година, на 41–та седница одржана на ден 30.10.2026 година го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Пријавата за запишување на лобист во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање бр. 09-3120/1 од 21.10.2026 година поднесена од физичкото лице Михаел Циглер, СЕ УВАЖУВА.

Во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање се запишува како лобист лицето Михаел Циглер, ЕМБГ _____, со адреса на живеалиште_____, - Austria, е-пошта: ceo@mcpublicaffairs.com.
Лобистот се регистрира за вршење лобирање во областа:

- ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА
- БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА
- ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
- ЕКОНОМИЈА
- ВНАТРЕШЕН ПАЗАР
- КОНКУРЕНЦИЈА
- ЗАНАЕТЧИСТВО
- ЕНЕРГЕТИКА
- ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
- ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ И ВЕТЕРИНАРСТВО
- ТРАНСПОРТ
- ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ
- СТАНБЕНО – КОМУНАЛНИ РАБОТИ
- ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

- БУЏЕТ И ФИНАНСИИ
- БАНКАРСТВО И ОСИГУРУВАЊЕ
- ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ
- ЗАБАВА И РЕКРЕАЦИЈА
- ОДБРАНА
- ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
- ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ
- ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
- ДРУГО

Запишувањето на лобистот во Регистарот да се изврши на денот на донесување на ова решение.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата преку електронската платформа https://lobisti.dksk.mk, доставена е Пријава за запишување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање бр. 09-3120/1 од 21.10.2026 година на физичкото лице Михаел Циглер.

Согласно член 10 став (1) од Законот за лобирање, Државната комисија ја провери потполноста на пријавата и утврди дека пријавата ги содржи сите потребни податоци и прилози и тоа:

- Пријава – пополнета и потпишана од физичкото лице Михаел Циглер;
- Фотокопија од пасош на физичкото лице Михаел Циглер;
- Потпишана изјава од физичкото лице Михаел Циглер, како лице кое се пријавува за лобист, а со која изјава потврдува непостоење на ограничувања за вршење на лобирање.

По извршена проверка на потполноста на пријавата и проверка на исполнетоста на условите од членовите 6 и 7 од Законот за лобирање, а со оглед на тоа што на подносителот не му е суспендирано правото на повторно запишување во Регистарот (подносителот се запишува за прв пат во Регистарот), Државната комисија утврди дека се исполнети сите законски услови за запишување на физичкото лице Михаел Циглер како лобист во

Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: Е.М, советник
Контролирал: С.К раководител на одделение
Согласен: К.З. раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

Да се достави до:
- подносителот